

Alex Bukarski

# #Антианархистички манифест

ЗП

#Антианархистички манифест

Alex Bukarski

# #Антианархистички манифест

ЗП
Скопје, 2021

Содржина:

1. Антианархистички манифест 1
2. анархистички стапици 5
3. анарходилеми 7
4. анархонација 9
5. анархомакедонизмот 11
6. анархоскопје 12
7. во анархистичка немилост, багатела милка 14
8. анархоцинизам 16
9. анархофранкештајн 18
10. анархосиноними 20
11. анархосубверзии 23
12. анархопротестанти версус анархоправославци 24
13. анархисти без анархизам 26

Небојша Вилиќ: #Антипоговор за #Антиманифестот на Алек Букарски 35

## *Предговор*

Деновиве ќе следи нов серијал експериментални текстови, напишани во алегориски стил насловени како #Антианархистички манифест.
Напишани се лани и се во поинаков стил од се досега што имам напишано, иако и тие не бегаат од автофикциското.
Ве молам доколку ги наоѓате добри или лоши, да не се авто-цензурирате и да напишете импресиите под самите текстови.
Кога се јавувате во приватни пораки да ми искажете восхит или критика, тоа иако исто добродојдено но не ми е некако исто.
Благодарам.

*29 јануари 2021*

# #Антианархистички манифест

## #Антианархистички манифест:

# 1. Антианархистички манифест

незнам што би барал четврт пат во Скопје, после три неуспешни обиди. се сеќавам кога од Стив упаднав во некој стан во дебармаало и почнав за првпат да го водам блогот и осознав дека од мене чудно извираат зборови. се сеќавам се шетав покрај школка и имаше некое ехо "букарски, букарски". е се сеќавам тоа и го зборев и на Мара Молохова ја барам таа вдахновеност, се сеќавам ги изрешетав 50-тина раскази како некој незапирлив гејзир. оттогаш се чини се' нешто Скопје ми се измолкнува и се' на мислење сум дека "не го можам Скопје", иако ми помогна да се осознаам себеси, на пример толку ме исцеди последниов пат, што јас навистина немам волја да се расправам во муабети како порано.



тоа цедење на градот ако размислиш за 5 години носи сигурност болест, смрт, но болест би било многу полошо. помислувам на смртта на Исаковски и последниве две три месеци заједување со Шекспир, библиофилот Љоко мајка ми, лудата адвокатка. Значи малата старлетна од православниот харем, адвокатата која како ми помага, а нон стоп продуцира процеси во

кои би ме застапувала, пример, конкурирај во домот во Битола повторно ако не те примат ќе тужиме за дискриминација. всушност кога бев тотален аутсајдер првите два месеци, два три месеци беше страшно добро. само како тотален анархист кој отпатувал негде без да му каже на родителите и властите осеќаш некоја привидна слобода. но, после полека полека се отсликуваат контурите на градот. се ме потсети на една сцена на гас ван сент - кога курт кобејн бега во некое ебена шума во некоја барака а таму го наоѓа агент на јелоу пејџис да му провне некоја пропаганда. мислам, дека беше добро додека го фатив градот на препад. никој не мислеше дека ќе останам во него и ќе најдам работа и соба во исто време. беше прекрасна самотијата, иако Скопје секогаш ми буди спомени од 2010, кога во еден стан во дебар маало ги испишав колумните со македонистичка метафизика што би рекле Артан енд Шекспир што ме изопшти од кариера во граѓанското општество и а подоцна се соочив со невидено преќутување, блокада и изолација од страна на тие тие препредени нато-тато структури. енивеј, кога ги гледав јаловите обиди на битолските левичарски активисти како трчкаат како стаорци на милчиновото тркало и не ми паѓаше претешко, никогаш не сум го сакал да си го уништувам реметот, на телефон некој да ми јави, да ми џитне агенда и јас да го напуштам коленото на девојка ми, разговорот. само Скопје ми помогна да сфатам.

всушност чичко ми кој помогна, е дел хмм ајде да речеме од некоја христијанска организација, по тоа ја уплаши мајка ми, дека би бил заведен. А, ако не ме заведеле двете најголеми

партии, досега, стварно не знам кој и што би ме завел. јас не може да се замарам со параноите на мајка ми, навистина. и навистина е бизарно зошто 8 години сум држен во изолација дека ќе станам нешто налик на Тале Мањифико или Златко Сребренковски. другар ми Мантрашевски, инаку нивен ментор, и на обајцата, стално ми повторувал, „бирај“, како да има што да се бира. во рацете на мојот духовно импотентен татко, и некако во менгеме на некој таков ментор, како Мантрашевски, еден 40 годишник кој живее со баба му, собира исечоци од својата богата архива, се моли на бога, збори за анархизам во т.м.р.л.к., еден опскурант од Камен мост Битола кој ете смета дека предодредена судбина ми е да станам рекетарско-пара-новинарски џган. а јас би станал се, само тоа не. и 8 години сум држен со 100 денари секој ден, без облека, облека купувам од поддршката од дијаспората, во мојот ќумез со расфрлани книги и континуирани трескан од мојот духовно импотентен татко и плашен систематски на кафиња на Широк Сокак, од Мантрашевски архи вмровецот, чкембар, анархист, и југословен во едно, и љубител на животни. кој го познавам случајно уште од 2007-ма, долги години не можев да побегам од овој ментор, кој стана ментор на Златко Сребренковски, убедувајќи дека граѓанското општество нема да го уважува како патриотите, додека Тале Мањифико го убеди директно да преговара со Заев. менторството на Мантрашевски, анархистот од Камен мост не може да се занемари како и менторството на Мара Молохова на која и здодееја моите навраќања во нејзината канцеларија велејќи ми - бирај страна иначе ќе бидеш како Сидо.

а јас што значи тоа да си како Сидо? неженет и аполитичен.
и така сфатив дека ако останам аполитичен ќе останам и неженет, што е штета особено за мајка ми која во напади на бес го изрекува нејзиното битолско провидение - нејќеш фамилиа, без ј, така со некоја битолштина, јас кој нема гаќи, сега треба да размислувам за фамилиа, фамилиата која не размислува за мене и ме држи во куче од павловите рефлекси, 8 години, со сто денари со кои може да се срекавам со менторот, несуден од Камен мост, кој ми вика "фати се за нешто и држи се за тоа" а јас не знам за што да се фатам, па и Мантрашевски нема проблем и нека не бидат "македонски национални интереси" но важно да се вратиш на сцената. и во тоа измачување како да почнав да уживам трчајќи кругови и читајќи книги и трпејќи тортура од родителите дека сум неспособен и инфантилен. и така, сите ми прават нормален муабет, а во суштина, сите прекутно знаат дека нешто длабоко не е во ред со мене, чим одбивам да се определам или еднаш веќе ја оплескав македонската метафизика.
како и да е, не пишувам ништо, и татко ми полека полека ми го регулира интернетот и компјутерот што јас ги кршам од невнимателност. и истовремено сум прогласен за краен идиот, инфантилец од највисок ранг а во истовреме сум и закана, ќе отидеш Скопје и ќе направиш тоа и тоа, а јас Скопје ќе испијам две три пива во Ла Кања, ќе појдам до кај Мара Молохова за да ми каже дека ако останам аполитичен автоматски и ќе шетам без жена за рака, така безвезе. добро, нема проблем.

#Антианархистички манифест:

## 2. анархистички стапици

деценија и кусур сум сведок дека постои еден напад, а тоа е напад на здравиот разум. и кај Кате Молохова ко бев на кратки сеанси велеше - твојата неприпадност не е ништо друго освен “здрав разум“. анархистите од карпош тврдат - “се што знае, знае од книги, што го прави лесен за манипулација. но, завчера анархистот од Карпош ми даде да бирам, менторот - “грчки или српски националанархизам“. заборавив да му кажам дека гледам како на едно исто. имаше една сцена, индикативна - доаѓа девојка ми и вика ајде да се дружиме, викни некој од другарите. го викнав потрезвениот припадник Л. библиофилот. отидов да и купам пиво на девојка ми, се вратив, и тој му рече на останатите - ете, анархоправославците се држат. девојка ми сакаше да го сретне шекспир и така. морам да излезам на пиво, нон стоп седам кашлам. енивеј, тотално сум изгубен од сиромаштија и паника во главниот град. во главата се ми е испомешано од години на изолација. немам ориентири. единствено гледам кој ми ги почитува работничите права. само тоа ме раководи, плата, редовно исплаќање, хартија. кога ќе видам анархоправо-

славци, и нивното табуизирање на хартијата, а подмитување на цревата и курот. всушност не случајно ако читаш проповеди на анархомонси велат има два најголеми грева - стомакоугодие и брбливост. стомакоугодиа Ј. Лествичник. и затоа можев да ја видам манипулацијата на анархоправославците, беше почигледна. Кај анархопротестантите имаше плаќање, со хартија, но и некоја идеја за подкаст на анархолиберали за кои водачот на анархистите од Карпош, ми ги прикажа како поразумни. а, јас му барав “текст“ а не да го дадам името, името за промоција или за подкаст, блог, веб, всушност анархопротестантите многу се залагаат и тврдат дека името е небитно но, секогаш инсистираат на името. значи, подмитување, женско месо, алкохол, подмитување, его-ласкање, се анаристички стапици. договор, работа, основа за планирање на нештата нема, не постои и тоа те става во некој неверојатен притисок под кој пукаш.

## #Антианархистички манифест:

## **3. анарходилеми**

денес контактирав преку фб со менторот од Камен Мост и повторно суптилно увидов во него пропаганда "дека никогаш не било полошо", повторно ме труе со дефетизмот уште од 2008-ма или 2007-ма. стално виси смртта на татко ми, уште оттогаш, стално сме во таква оскудица, анксиозниост, а главата ми врти фикции, час провинцијата ми го тупи мозокот, ми плута, и осеќам како зарѓува. одам да јадам а татко ми ме провоцира и се обидува да ме тормози, што е разликата меѓу директорот на архипелагот кој ме тормози за кока-колите, наеднаш татко ми е туѓ. дома го гледаат интервјуто со Рускоска, во нивната пасивна малограѓанска позиција, коментираат за недостигот на правда. само јас сум поисцрпен. и размислувам за преговорите за музејот на вмро, а во меѓувреме правиме подкаст со правникот на фрчко, додека чепкам по книги во книжарница ми вика ментор ми е Фрчко. и потајно знам дека иднината што ја очекувам, чиновничка работа, има реалност, на подкаст, се мразам себеси веднаш во дадениот момент. и вчера ми зборуваше Анархистот од Карпош за предноста на грчкиот национализам наспроти

српскиот национализам. добро се сеќавам кога карпошанскиот анархист седеше во подрумот на Железничарската и рече - “живееш во зграда од српско, а и Дуња е зграда од српско. све сте наци, а во српски згради седите“ ми рече анархистот неверојатно злобно. сега и мајка ми ме мрази и ми вика “требаше да прифатиш“. што да прифатам? работев во магацин за 12 000 тешка физичка работа и во тефтерче попишував што купувам за јадење, додека тие одбиваа да ми пратат алишта. ништо не ми преостанува освен со дебелите прсти да го читам стендал, со испрекинатиот мозок, со големиот апетитит, анксиозноста и нападот на црни мисли. но, навистина не, не можам да заземам позиција. до полудување.

#Антианархистички манифест:

## 4. анархонација

ги слушав бладањата на национал-романтичарот Ацо на Алфа и спомна за ова што се заговара “македоноанархизам“. години и години гледавме непријатели во груевиот режим и сега не може да ги препознаеме лажење. најлесно ни е да мислиме се е лажање. како можеа да манипулираат на референдумот со прашањето “дали си за еу/нато“ и како дојдовме до ова, не само со нивната лековерност и корупција, туку со помош на “непресметливите, лудите националанархисти“. и зошто само ката кулафкова од јаките авторитети брани национални позиции, аргументирано, но претежно скриена на социјалните мрежи. значи што имаме на “националната страна“ - мицко хидро, бачев евроазиецот во улога на провокатор со руско знаме, левица, двајца без тројца, со апасиев кој многу активно пишува статуси. сета национална линија  анархоутопистичка. во дисторзиранаата јавна сцена, висат само остатоци на ескцентрични исклучоци, заедно со компромитираните интелектуалци од грујова ера. и сега повторно имам разговор да речам со моите, менторот од Камен Мост, и анархистите од Камен мост, за кој сум “демократ, со-

росоид“, а за анархистите од Карпош, сум налик на андерграунд 103-ашот Г. П., отпадник од прогресивната сцена, анти-западен елемент. а јас, спонтано шетам по Скопје 6 месеци. аплицирам на работа, ко да сме Шведска, бркам по огласи, одам на настани, малку на кино, малку на театар, и зарем малку ми е што сум провоциран на сите можни основи - дали гледам дека протестираат само 10 души на знамето. и редица други етикети што толку ме задушија што ете уште три месеци лежам во темна соба слушајќи музика и не може да се соземам. и во мене лежи опасна токсика на авто-деструктивна и деструктивна идеологија. не излегувам, не се туширам, не адам, па се прејадувам, се препивам или алкохол или кофеин, не може да заземам позиција, не може да поверувам дека не лажат. привидниот мир дома, на храна, или покрив, скапо ги плаќам со немање на сексуалнот, интима, живееме ден за ден, со ситничава бучава за се и сешто, со тешки самобвинувања и обвинувања, во задушливост, не можам да премерам. зошто не продолжив во архипелагот? ме уби ниската плата и ми здодееја кутиите. зошто не продолжив во книжарницата без договор, не знам, цело време психолошки ме удираше и едното и другото. во реалноста не ти е доволно пичица и храна, туку потребни ти е “плата“, “плата“ нема кај анархоправославци или ако ја даваат анархопротестанти, ќе идеш во затвор. нема излез, или сме натерани да мислиме така. ни на крај памет не ми доаѓа да застапувам активно “про национални позиции“, доволно вака се правдам, не знаеш што да вагаш, дали да застапуваш про национални позиции, или да бидеш прогласен за луд, или двете.

## #Антианархистички манифест:

## 5. анархомакедонизмот

злобата нема крај на службашкиот менталитет го знаеме тоа. една вечер дојдов дома и го видов загрижен мојот духовно импотентен татко. лобираше еден тип, што го носи на болница. и така се сретнав со водачот на анархомакедонизмот, кому му го одзеле статусот на претседател на фондацијата небрегово. се претстави во една задимена кафеана полна со полициски инспектори и некој тип  со црна коса што постојано повторуваше “немам работа зошто сум маќедонец“ или така нешто. ако некој ми зборува за шизофренија, водачов, ме бомбардираше со сто тези одеднаш. муабетите за да ти дололовам идеа вака -  хантингтон или фукујама? и потоа го употребуваше службашкиот арсенал - кој шмрка, кој ненормален и сл. и патем во дадена пригода го цитира гане кој му дадена прилика му рекол - “ја гледаш владата, полна е врховисти“ и тоа 80-ти.

## #Антианархистички манифест:

# 6. анархоскопје

не може да се соземам колку скопје е неслободен град. мислам дека во даден период, имав една траекторија, пазар, дом на арм, кинотека, архипелагот во аеродром. инаку, навистина беа нервни сите муштерии во аеродром, инаку аеродром ми се допаѓа како населба. еднаш во една колумна ацо станковски напиша - западно скопје не идете, ќе ве опљачкаат ќе ве одрпаат. многу ми беше терминот "западно" скопје. најчесто сум престојувал во западно скопје, дебармаало, буњаковец, и навистина не сум си поминувал добро. цело време сум во добри населби, блиску до центарот, пропаѓам. пиев црниче, вина, се сеќавам, навистина колку само кружење кружење во истото. само тоа што го имав сега архипегалот, ги гледам рамките. гледам многу поети/писатели сега ги вадат архивираните материјали после периодот на груевизмот. демек, ослободување. дали, вистина го има? мене ми се чини бев 20тина пати за време на груевизмот Скопје и не осеќав никаков притисок, освен што, осеќав како завојуваните страни едни на други се силеа. колку бесмислени години потрошени, залудни години. напред назад. Скопје, битола, ќе

мора да се прескокне бариерата. за да се спасам себе, ќе мора дури да бидам рамнодушен кон другите. анархистот стално ми вика дојди Скопје, ама не ми се лепи веќе увото. божемој. ја, мислам дека планина негде и читање и превод би било најдобро, отколку некое ринтање по западот. но, добро е да се заработи. Артан викаше, знам ќе издадеш на пеесет.

## #Антианархистички манифест:

## **7. во анархистичка немилост, багатела милка**

осеќам за два месеци откако дојдов како ми се меле личноста при малограѓанската фамилиа, а на повикот до скопската анархистичка енклава, само слушам зезање, смеење, анархистот од Карпош завршил во болница и сега е на рехаб. но, само добро покажува дека откако се разочарав во девојката, тие суицидални мисли, присуството на анархистите и нивните обвинувања - "девојката" сомничењата за комунизам, ми се јави чичко ми да платам за 6 месеци комуналии и сфатив дека келијата во Железничарската е поврзана со стан кој се издава како деловен простор и го држи "Три" и требаше со нив да делам сметки. и наеднаш тоа беше троен притисок - притисок од мајка ми, притисок од Антолог, кој ме дозираа со редактури и саемска продажба, надничарска, повремена, плус девојката која ме остави дека сум расипан, оговарач и не се држам зад сопствените зборови и дека не го земав во предвид нејзиното жртвување. наеднаш, помислив каква е таа саможртва за да продавам книги за 15 000 денари, па било тоа,не било, па јас ли да побарав таа саможртва, и не разбирам, ако добијам договор, како во корпоративниот супер-

маркет, но тој монах газда на книжарницата многу мрачен напати ме убедуваше дека се саморегулира се како “социјалистичко претпријатие“ самите вработени се бираат и се поднесуваат и решаваат кој ќе биде примен. наместо договор, рече, зборот треба да се држи. на споменување договор, хартија, овој анархист православен тотално полудуваше, губеше контрола, кршеше од крешникот среде пултот на книжарницата, ми беш тоа сосема надреално православно, како крши леб од кеса и јаде пред мене, и со залаци, така вика “договор, уа, да не работиш, така ли“ а потоа “знаеш ли дека ако те начека инспекција јас ќе платам казна, па потребен ти е договор, дојди од понеделник секретарката ќе ти искуца договор. а девојка ми ме обвини дека за се сакам гаранција. дека таа ми е девојка, прашува во гтц, не сум сигурен дали ми е девојка, оти иде во мојата ќелија, се ебеме и заминува, и ја нема со денови, па јас, како романтичар анархист, ја прашувам дали сме дечко девојка или само се ебеме, а таа ми вика, ако си анархист, зашто ти треба конвенција, и викам, не анархист сум под присила, но не сум ни конвенционален, но барам љубов, не сакам ебење, не ми е до ебење, сакам романтична љубов и носам едно чоколадо што неколку дена пред истек на рокот “милка“ го намалила за багатела, но погубен, го ставив во горниот џеб од кремовото палто и не знам каде е, а таа ми вика баш сакам чоколадо од тебе, а ти си толку изгубен не знаеш ни каде е, и така се бркаме низ гтц. а, јас без рамка, фиктивен, анархистички во храмот на трговијата ситимол, продавам протестантски бестелери.

## #Антианархистички манифест:

## **8. анархоцинизам**

се слушнав со анархистот од карпош. репететивно е, така е тоа. со години. мозокот му е атрофиран, џигерот раскинат. ме кара, зошто сум се вратил битола, иако да, е потапа, само треба да помисли дека здравјето е единствениот капитал. на крајот на краиштата размислувам за емиграција и што е животот - дали да ризикувам трајно да се онеспособам продолжувајќи вака или заплеткувајќи се во истото, или конечно да направам исчекор. знам дека во емиграција нема да бидам интелетуктуалец, но барем ќе заработам извесни пари, бидејќи кога овде те цицаат физички/интелектуално за минималец, не може а да не се чувствуваш глупо. не ми е ни до нови искуства, ама после тоа во Скопје, би пробал. како да е нешто неповратно загубено, кај и да заминам, што и да направам. би ошол Скопје кога би имал бавност, но таа е невозможна плус не знам како би помирил демократски и национални позиции. пробувам да го читам стендал. како гума ми е мозокот и одбива да прими французи. па, сепак, французите пишуваат за теми што мене ме интересираа - провинција главен град, романтична љубов, мајки и сино-

ви, ред трактат наполеон, ред полемика. и нема цинизам кај французи, цинизмот е англопротестантска измислица. не знам кој како ќе ме нарече, но ми е интересно да читам за тие историски превирања, егзили. ги има и сега, но сега се фарсични, а некои работи неверојатно се поклопуваат. добро е што не лелекам и што пишувам малце надвор од себе и од прераскажување на бесмислените релации. чекам да се јави менторот од Камен мост. јадам кисела зела, мислам дека ме плаши Скопје, ме плаши оваа земја. во емиграција сигурно стапици исто. има време до февруари. размислувам колку е разбиен анархистот од карпош. размислувам ако човек се разболи ск, или да треба да вади документи колку е болесно. дома имав пак расправии на политички прашања. добро е што немам пари би се напил. може затоа ми одговара карантинот. само потајно треба ми треба мислење како што го имав во скопје се до саемот и појавата на ривалот. ми се чини нешто длабоко вознемирувачки беше појавата на бившиот поет љубовник е точка на пресврт. поетите иако овој е мошне лош, имаат некоја разорна енергија. да си немаш работа со анархопоети.

## #Антианархистички манифест:

## 9. анархофранкештајн

ме мрзи да пишувам. сигурно изгледам како да пишувам работи кои се подразбираат. се чини не може да ги објаснам некои појави. зошто имам прождирливост. груби раце. кога стефан марковски чиј несуден ментор е исто менторот од Камен Мост и рекол на девојка ми дека страдам од шизофренија, првпат по подолго време слушнав нешто одвратно за себе. и отворив на интернет и пишува шизофреничарот има проблем со јадење и облекување. интересно е што скопската верзија на аполитичен, засеник е во несфатениот романтичен професор Сидо, така бидувам перцепиран зошто во паланката мора да наликуваме на некој наш претходник. во Битола сум Христо Спанаќо, анархист од Камен мост, комшија на менторот. И Трендо го објавуваше. и дали тоа што гледаш твоите дека не се богати и влијателни, да те ослободат од партија, а немате ни сопствен бизнис, а имаш некаков нејасен порив да пишуваш, но лишен од форма. филолошки што не ми го пружил, ниту институтот за литература по македонски јазик за кој не постојам. за сите овие субјекти не постојам и сум оставен на борба за што? за бавност. тоа

што сега бившата неоправославка која неспорно ги има истите психолошки карестики, затоа службашите гомнарски верувам не “споиле“. неоправославно редење имиња, прскачки порив на пишување, егзибиционизам кое го вадиш курето пред јавноста со букви и изрази што до крај не ги разбираш, “прозивање“ нешто што верувам некое службашко куче го потенцира “имиња, имиња“ да бега од општото и конкретното. а се трудев сите овие години да развијам бавност. бавно да јадам. бавно да читам, да успорам. не планинарам штета, чудна ми е конституцијата. најчесто во анксиозност, дома, и селфхелп, иритиран од облеката, изгледот, преплашен од интрузивноста на сеприсутните родители, никогаш не идат никаде, седат дома и продуцираат социјалистички микро космо од 80-ти во кој нема партии, има само една, и дозволува аполитичност. но кај забегав.. ми се јави денес менторот и еден сат ме малтретираше на телефон. нема ден да не ми се јави или анархистот од камен мост, додека анархистот од карпош побара јакната да си ја земе од проекцијата на бадер мајнхоф и уште ми потенцира дека стои пред адвокатскиот дуќан на жената на менторот на сите ментори. и така, стаорците битолски ме рачунаат за некласификаторски ексцентрик, утопист, и шизофреничар зашто?

## #Антианархистички манифест:

## 10. анархосиноними

гледав еден филм на “манаки“ се вика “синоними“. израелски филм. еден тип оди во емиграција во франција згрозен од милитаризмот во својата татковина. толку е згаден од искуствата што ги имал во воените кампови на обука и целата отровна атмосфера, што се решава да не говори на израелски јазик. хебрејски де. нешто слично е и кај мене е. толку насилство осеќам откако ги напишав првите објави од компјутерот во студентскиот дом 2005-та, по што веднаш компјутерот ми го украдија. мислам дека откако ми го украдоа комјутерот сум под тој оган. после тоа мислам дека преживеав разни насилства. слушав подкаст еднаш за бекет. па да се ослободи од влијанието на протестантското семејство му требале десетици години, тони виски и емиграции, зошто не е границата само физичка. тоа одвратно чувство дека ќе биде разоткриено малограѓанското семејство, дека ќе биде разоткриена “сцената“ бегам од сето тоа. тоа веќе не ми е толку проектирано но веќе ми се

има повнатрешнето. и цело време имам впечаток дека се експериментираше со мене во Железничарската само за да во даден момент излезе тој типот што “сите ќе ги каже“. овде еден тип во прошетка низ кејот ми рече луѓето во оваа култура живеат од молчење. молчеш за нешто, за некоја дубара, плагијат, корупција, доволно долго и после бидуваш прифатен. и кога еве веќе молчам толку години не ми веруваат. долга е историјата на малтретирање на пишувачи мислам дека кај болањо читав, какви се не маки во ненаоѓање на работа или проблем со основна заработка се изложени луѓе што може да седнат како што вика  мајка ми “да ги кажат сите“. гомбрович сметаше дека во култури што немаат долга уметничка традиција, писателството се спојува секогаш со граѓанска професија, професор, новинар и сл., со што се оптоварува во старт авторската слобода. затоа не ги сметам сите што ме поттикнуваат да пишам, да објавувам. тоа е само продолжение на агонијата. а, не може да се носам со идејата да го “уништам“ малограѓанското семејство, иако изборот е дали ќе ме уништат тие мене или јас нив, а очигледни тие ме уништуваат мене, дури и не директно. целта на експериментот со Железничарската беше да се добијат тие пристојни услови, на осаменост и некоја ала буковски работа,  и после секое враќање од супермаркетот имав пристојни саати да седнам да напишам нешто. имав и панталони и патики и сендичи од силбо, но наместо тоа се решавав да одам на сите глупи можни настани или просто само да шпартам до ситимол во разгледување на нови патики или купување на некоја од 20-те маици што ги купив. не може од мене да го истиснам

тоа дека јас сум и наштетил на фамилијата со книгата полна вулгарности, гнасотилоци од која почнало се, за која патем ме поддржале и тоа и го ставиле јасно, но факт е дека од книгата, сум се заканил дека сите ќе ги кажам и оттогаш само се смириле што сум се замолчил и на саемот на книгата сите ме тапшале, благодарни дека сум ги кажал. како во "синоними" не пишувам на јазикот на системот што ме тероризира и ме бута во ќумезот веќе 15 години наназад, зависејќи од бедната пензиичка на воен ветеран од 2001 кој е на работ на смртта повеќе од деценија.

## #Антианархистички манифест:

## ii. анархосубверзии

предмалку зборував по телефон со анархистот од карпош кој ја заборавил јакната во штабот на левите анархисти во дуња, по што ми побара број од некој од тамошните активисти. во јакната во специјален џеб има 2000 денари, како што ми прикажа анархистот. тоа ќе биде тест за правоверноста на идеологијата. потоа започна расправа за бадермајнхоф и отвори расправа за субверзивноста моќ на тероризмот. на тоа молчев. не сакам ни во овие полуфикционални самотерапевтски пишуванки да ги пренесам тие глупи изјави. само уште еднаш анархистите од карпош ми понудија работа за анархопротестантскиот капитал, слобода од малограѓанската фамилиа. но, вака напишано, како во “џокер“ изгужваниот тефтер дневник, сфаќам под колкав долгогодишен притисок сум.

## #Антианархистички манифест:

# 12. анархопротестанти версус анархоправославци

“заграби ме со твоето големо тело, и не дозволувај да ме нападнат глувци“ - треперливо, девојка ми.

честопати одев во посета на анархистите во Карпош и таму од Л. средовечниот библиофил чув дека најпосле сум ослободен од сомничиња за т.м.рл.к. анархистичка, дека по долго време дебати, тие дошле за моите во суштина протестански погледи на светот. протестантизмот е безличост, беседеше Л. “погледни кога ќе влезеш во ситимол, шо глеаш? нема ориентализам како во турскиот базар и разговори со продавачот. само неми касиерки, лаконски прашања за клуб картичка, нема интимизирање“ продолжи понатаму овој мудрец во Тафталице полн во витрините со книги од “Градац“ кој го спреми мојот нов идентитски капут, за да ми ги заборават македонските метафизички колумни, да ме ослободат од сомнежот за членство на т.м.рл.к.анархистичка и да ме прикажат на граѓаните како полупротестант - аскет но и гурман, лабаво облечен,во облеки во неутрални бои, груб, директен, безличен, без цврсто свое “јас“ но протестант, до-

негде работлив, не склон на уживање, хедонизам, автодеструкција. Л. рече, во православието е битно “чиј си“ додека во анархопротестантизмот “што знаеш да праиш“, вештини, скилс кој ти се. затоа русија, србија и македонија, како православни земји имаат проблем со капитализмот. но шарената револуција те зема у предвид и го цени фактот што издржа долги тешки години на изолација, твоите неколку колумни македонска метафизика се опростливи, наспроти еден колега твој блогер, кој водеше крвави протести во собранието. затоа анархистичкиот пленум, донесе заклучок - да платиш со логорашка работа во архипелагот, кај турските анархокапиталисти, а потоа, да влезеш на социјалните мрежи кај што си добар, и да помогнеш да инсталираме граѓанско-потрошувачко општество и демократија. седев и гледав и се ми изгледаше надреално. пак некој повтори “ако сакаш да си во скопје“, ослободен од малограѓанска фамилиа. значи по тој повод под надзор на Бајо во новата утопија на Железничарската зграда, ќе живееш. блиску ти е анархистичката “Дуња“ кај што добро ќе те примат другарите анархисти, а може да гледаш и филмови во Кинотека или кај сакаш. но, додека бев на состаноците во загушливите руски згради во тафталиџе и ги слушав анархопротестантските проповеди, не знаев дека на случајот работат и иконоборците и православните анархисти. и така сфатив, дека сум во клинч помеѓу анархопротестантите и анархоправославците. малата православка уште на првиот ден во книжарницата ми оддржа “слово против секта“ незнаејќи дека припаѓа на најголемата од сите секти. борбата започна, и иако не би, да се прикажувам ко жртва, има такви елементи.

## #Антианархистички манифест:

## 13. анархисти без анархизам

„најреволуционерен акт што може да го направи еден анархист е да земе рандом да отпатува негде сам, по можност во друга земја, без најава, без било какво посредништво“.

“никогаш немој да се истакнуваш, ќе станеш мета“

првиот пат кога легнав во собата во Железничарската зграда помислив дека е една голема смешка.

не го прифаќам ова. навистина со овие скинати “ранерс“ и со црните фармерки и старата винтијага, во ова дупка од соба, кај што студи и на таванот се слуша тропкањето на глувчешки ноџиња. па, во тие неколку месеци кои станаа седум месеци, а претседателот на Железничарскиот комплекс ми оддаде признание - сите доаѓаат овде да седат по месец, два, само ти седиш седум месеци. и продолжи “имаш ли мајка?“ а потоа Бајо продолжи на линија на Кате Молохова - “мислиш ли да се жениш ако живееш во ваква дупка?“ и така повторно стана ред муабет за мојата женачка. и после стана

одвратно и моето самосожалување и сожалувањето и на другите. тажно ми стана сопственото самосожалување и безизлезот пред кој бев соочен, дека мојот духовно импотентен татко непрестано кашла и божем умира, и сега јас треба да седам во сутеранот како што убаво француски го нарече симпатичната девојка Камелиа што работи во „Мантолог“. и еден ден отидов да купам домати, многу ми се јадеа домати, од зелен пазар, да не ги нервирам карпошанските анархисти да одам бит пазар, да си купам регуларни домати, да стегнам заби, колкупати само требаше да стегнам заби во Скопје, кога станував рано и не ми одеше на работа, во архипелагот „храмстор“, всушност многу брзо сите плусеви станаа минуси. открив сили за себе што не мислев дека ги имам, живеев бурно, се трошев и умирав, ми се чинеше дека е мошне тенка границата меѓу тоа живеење и брзината на тоа живеење. буквално ќе отидев да се искакам во сутеранот и да се избричам и готово поминал денот. а, потоа една вечер открив дека нешто ме лази по нозете, го разбуричкав јорганот и го видов првото глувче. му јавив на Л. дека има глувци и тој рече само едно “у пичку матер“. првиот пат кога дојдоа Л. и Шекспир рекоа дека нема да дозволат да скапувам во ваква дупка и ќе ми најдат подобро место, додека чичко ме тешеше дека постојат луѓе што направиле кариери и живееле во подруми во Ѓорче, а јас живеам во подрум во Буњаковец. и првите денови во архипелагот постојано ме прашуваа кај живеам, и одговорав во Железничарската зграда. и добро ми беше, првите месец, два, просто градот не ме примаше во себе. станував и се враќав во собата и се ме влечеше да се вратам

во Битола. не знаев што да купам за доручек. пробував да се лишам од доручек а потоа ми се лошеше. пробував да купувам повеќе храна за доручек, и имав чувство дека трошам премногу пари. навикнат на некој краен аскетизам, сега јадев пити со праз од “специјал“ а колегата во архипелагот викаше “специјал има скапа кујна“ јадев пити со сирење на промоција со поени и земав шарпланинско јогуртче и се консултирав со месарот за важни животни прашања и метафизика. сфатив дека да имам едно решо, оти од плин-ско ми е страв, дека сум невешт, дека би си правел турско кафе насабајле кога станувам, зошто тешко се будам, а будењето беше посебна приказна. во етапи, од 6 и пол, на секои десет минути ме будеше алармот за да се докопам до автобусот да го гледам типот со точакот и шалот со боите на македонското знаме. у пичку матер, луѓето на касите во аеродром беа скоро полудени и касиерката ми се исподеше дека има искуство од повеќе места и дека најфино и било меѓу елитата во дебармаало, додека аеродромци се сите агресивни. и секогаш кога излегов видов дека се изживуваат врз касиерките но и касиерките слабо платени, не се особено мотивирани и тоа може да се види дека Скопје е еден пеколен град во кој се почитува само сирова сила, ми се виде како еден валкан рингишпил во кој луѓето постојано се уништуваат едни со други. но тоа не значи дека е поразлично од Битола. одвратно ми беше во архипелагот, што сакам да заборавам, а особено беше напорно кога не држеа прекувремено, само знам дека имаше единствено некаков позитивен ефект, што се оттрнав од мислите за Битола, помалку ми стана мислењето на моите, а уште

помалку од менторот на Златко Сребренковски,  другарот на Дексо, опскурниот анархист од Камен мост и целото тоа друштво кои опсесивно се борат против цариградското влијание. всушност, за првпат ги немав “б“ филмовите на анархистот геј Ковачевски, кој ми ги пушташе. сиот меур составен од романи, серии, “б“ филмови на шнајдерот хиперпрогресив буљаш, туку гола реалност. во морето баналности, ме грозеше ревноста на диреторката т.е. супервајзерката по американски, но сеуште беше задржана социјалистичката хиеархичност “шеф, директор“ ебате, директор во архипелаг супермаркет која пазеше на секој детаљ во маркетот да функционира како швајцарски саат. но, никој не сакаше да слуша за искуствата со супермаркетот, нема тука ништо спектакуларно грозно ниту нешто мудро, во редењето кутии, океј, фраер си, панк, што работиш тоа, ама не зборувај за тоа не барај некое длабоко значење. знам дека ми се залепи некој тип, да ме испраќа некој навивач со војнички панталони, чиј татко бил реномиран комунистички новинар, но тој лично се осеќаше “национал-социјалист“. и ете така уште првите денови ми се залепи тип што ми зборува ариевски теории, брао, џанаците во паркот го теретеа за тастерство, да не речете, моја параноја, но ми се залепи овој навивач комита кој навистина ме засака и ме покани дома да ги пробам сендвичите на мајка му, но кој беше национал-социјалист. после сфатив дека е алкос. алкос беше тој, алкос беше месарот, алкос беше тој на овошје што ми сугерираше да конкурирам во некои градски книжарници. тоа беше некоја комбинација на шефови од капиштец и национал-социјалисти од лисиче,

стајковци, инџиково, додуша, да не претерам, тие си беа обични патриоти, само синот на комунистичкиот новинар, можел да прочита некои текстови и да се декларира за национал-социјалист, дискретно онака, да ми намигне, колку и јас кој ја поделив фасцинацијата од војнички панталони и тој вид на стајлинг, сега малце за мене надминат за мене, но не и од неговиот национал-социјализам. но, после толку анархизам, овде наидов на чист национал-социјализа, види рече со својата џони браво фризура и смеѓа коса “колку сум плав“, како доказ за неговата правоверна ариевштина. сакав нешто друго да кажам. може уште некој збор за касиерките, слатките касиерки кои ми ги покажуваа додворувачките пораки од албанските градежни работници и некои вистински романтичарски зафати од типот “ќе бегаме Италија“, подобро тоа отколку да пишеш на порталот на Златко Сребренковски кај што сега пишува мојата бивша љубов, на што е многу задоволен каменмос така споено, анархистот каменостовски, Мантрашевски, кој смета дека двајца националисти ќе создадат едно семејство, додека јас и според него, и Бајо и предвидувањата на Кате Молохова сосе мајка ми  и идејниот план за фамилиа нема да ги остварам.

# #Антипоговор за #Антиманифестот на Алек Букарски

Не ретко ми се случува да ми е криво што немам поголемо познавање и знаење за: книжевното творештво, книжевните родови, книжевната теорија и/или за книжевната критика, а (често) не сум сигурен и дали добро читам некои книжевни форми. Не знам ни дали ова е некоја книжевна форма, воопшто. Или ако е книжевна, тогаш дали е литература? (Сосема извесно е дека не е *belles lettres*, илити – белетристика.) Не знам ни дали се есеи или исповеди, дали се ликовите измислени или конкретни, дали се настаните вистинити или претпоставени... Во главава ми е потполн хаос уприличен од неможноста да воспоставам некоја, каква било, упоришна точка. Конечно, не знам и зошто воопшто го пишувам овој текст. Само знам дека 13те точки на *#Антианархистичкиот манифест* на Алекс Букарски едноставно ме „залепија“ за нешто. Ќе се обидам тоа нешто да го определам во овој слободен „тек на свеста“ кои ми навираат веднаш по нивното дочитување.

Всушност, јас Алек Букарски [никогаш не му го изговарав/м она „с“ на крајот од неговото име и не знам зошто е тоа така] скоро и да не го познавам. Не знам ни дали му е ова псевдоним или име и презиме од лична крата. Прв пат за него слушнав кога во еден негов текст од 2009 ме нарече „Талибанец“ (нешто пред тоа, 1996, Талибанците гранатираа и уништија една огромна скулптура на Буда во Авганистан, изделкана во карпа), оној пат кога во едно интервју предложив Спомен домот на Мајка Тереза во Скопје, оној на Вангел Божиновски, да се крене во воздух. Потоа, од време на време ќе прочитав некој негов текст на Окно, за подоцна потполно да го снема. Прв и последен пат кога со него проговорив беше на еден настан на струшкиот *ДримОн*, пред неколку години. Идеолошки никако не успевав да го дофатам, па ни сега не знам кон што инклинира (сега дури ги разбирам, дознавам неговите анархистички искуства). Не се сеќавам ни дека сме се сретнале на некој од протестите на кои одев и јас. Конечно, дури од овие текстови разбрав дека е од Битола.

Тогаш, ако не се разбирам многу од книжевност/литература, ако не знам да определам што читам и ако (скоро) ништо не знам за авторот, зошто, по ѓаволите, на онолку работа колку што имам, јас сепак одлучив да потрошам едно неделно претпладне и, без да го прашам авторот, ја сложам оваа книшка и ја опредметам за понатамошна дистрибуција и употреба и, згора, уште едно попладне од таа иста недела, за да го напишам овој Поговор кој и не е некој поговор? Не знам. Можеби затоа што нешто кај Алек Букарски отсекогаш ме

привлекувало: неговата дрскост; неговиот „пис“ јазик; неговата безразложност во критиките и, едновремено, неговата страст во критиките или во едно кажано: неговата „анти-сè“ бунтовност за сè!

Од тие позиции тргнав и кон исчитувањето на овие 13 точки од неговиот *#Антианархистички манифест* дополнето со голема наклоност и симпатија кон овој лик на македонскиот мрчаторски и критикување-заради-критикување анархоандерграунд. И наидов на едно извонредно штиво!

Прво што ми дојде на ум е дека кај нас, онолку колку што јас го следам книжевното/литературното и мејнстрим и алтернативното писателско творештво (а веднаш ќе напоменам дека не го следам баш многу) не сум сретнал до сега вакво нешто. На работ помеѓу: *Фејсбук* коментар; лична исповед; кус расказ; набрзина склепан есеј; не докрај концетрирано пишување; лекторски кошмар (или кошмар за лектори) (што не значи дека текстовите се неписмени!); моментно доживување; (не лажна) искреност; егзистенцијално соголување (или соголена егзистенцијалност)... од кои „прштат“: незадоволство, разочараност, изгубеност, отуѓеност, забеганост, неснаоѓање... неговите 13 манифестни „тези“, всушност исцртуваат една сегашност и тукашност којашто грубо, но и вистинито покажува не до каде сме стигнале, туку до каде сме забегале и во што сме се изгубиле и престориле. Букарски, кој многу сака да биде македонскиот Буковски; кој сака да звучи како македонски Гомбрович, кој е философски разочаран како еден македонски Песоа; кој сака да пишува како некоја

македонска Ричардсон и кој со леснотија се престорува во некаков македонски Бекет [додадете понатаму], сепак, за мене и според мене, создал една неверојатна не финкција, туку еден отслик на еден субјект растен, созреван и разградуван во и од македонската транзициска општественост.

Не, ова последново не се однесува на сите субјекти/генерации (иако може и ним да им се припише) од овој и ваков период, туку, пред сѐ, на оние малкумина кои се обидувале (од ахиловските петни жили) да ја пронајдат, кои ја пронаоѓале, некогаш и ја наоѓале, а потоа брзо ја менувале, напуштале или губеле – смислата на постоењето во ова општество и во оваа култура, своеволно или под притисок на тековните случувања и промени.

Дали се ова „експерименатални текстови, напишани во алегориски стил“ кои „не бегаат од автофикциското“, како што Букарски сака да нѐ наведе или, можеби, однапред да се оправда, во нивната најава, за мене е помалку важно, можеби и неважно. Да, тие се експериментални, и за тоа немам двоумење, бидејќи погоре напишав како не успевам да ги определам; но не знам колку се алегориски, бидејќи неверојатно е колку убедливо е неговото раскажување кое најчесто многу непосредувано ги открива заднинските планови на прикриеното; а дали не бегаат од автофикциското не знам, бидејќи не знам што значи автофикциско (амалгам од автобиографско и фикциско или, во буквален превод, самозамислено?).



Затоа, да не се занимавам со книжевничките дострели или отстрели на ова де-

ло (бидејќи тоа не ми е занает), туку уште еднаш да нагласам дека овој Манифест (што тоа не е) е, всушност, Антиманифест (што тоа е) (можеби затоа и овој и ваков #Антипоговор), книжевен и/или интелектуален антиманифест за една анти-состојба, во едно анти-општество кое произведува анти-културалност која сигурно води кон една анти-смисла на сопственото постоење: затоа што од него можат да се исчитаат неколку културални белешки на еден субјект и неколкуте негови (не)истомисленици за тоа – како да се разбере хаосов во кој живееме?

*Небојша Вилиќ*
*31 јануари 2021*

Објавено во Република Северна Македонија во 2021 од
„3П“ – „Октомвриска револуција“ 12 -1/9, Скопје

Обликување: „3P design“, Скопје

Публикацијата е издадена за слободна PoD дистрибуција.

